Врз основа на член 344 став 1, член 345 став 1 и член 378 став 2, од Законот за трговските друштва и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс, Одлука за утврдување на престанок на мандат на член на Надзорниот одбор на Друштвото донесена на Годишното собрание на акционери за деловната 2015 година со која е констатирана отставка на член на надзорниот одбор, **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година** на својата седница одржана на **09.05.2016 година** ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**За избор на член на Надзорниот одбор на Друштвото**

1. Се врши избор на член на Надзорен одбор на Друштвото.
2. За член на Надзорниот одбор се избира **Габор Лехел**.
3. Согласно одредбите од Законот за трговските друштва, податоците за избраниот кандидат на новиот член на Надзорниот одбор беа и се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото.
4. Мандатот на членот на Надзорниот одбор ќе трае до **31.10.2018 година**
5. Членот на Надзорниот одбор, кои се избира со оваа Одлука, нема да прима награда и/или надомест на други трошоци за вршењето на својата функција.
6. Со донесувањето на оваа Одлука остануваат во сила одредбите од Одлуката за избор на членови на Надзорниот одбор бр.0201-2410/5 од 11.06.2013 година, со соодветна примена на одредбите на Одлуката за утврдување на престанок на мандат на членови на Надзорниот одбор бр.0201-977/4 од 25.02.2014 година, Одлуката за избор на членови на Надзорниот одбор бр.0201-977/5 од 25.02.2014 година, како и одредбите од Одлуката за утврдување на престанок на мандат на член на Надзорен одбор донесена на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година.
7. Оваа Одлука ќе се објави на официјаланата интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
8. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
9. Се овластува Г-дин Ристо Секуловски, како член на Управниот одбор на Друштвото, да поднесе пријава за упис на промена во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Македонија.
10. Оваа Одлука влегува во сила по извршен упис на претходно неопходните измени во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Македонија.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

______________________________
**Татјана Димов**